# ИТАЛИЈАНСКАТА ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА НА БАРОКОТ, ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И НЕОКЛАСИЦИЗМОТ

ars lamina

**ИТАЛИЈАНСКАТА ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА НА БАРОКОТ, ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И НЕОКЛАСИЦИЗМОТ**
Д-р Ева Ѓорѓиевска
Д-р Јована Караникиќ Јосимовска

© 2024, Арс Ламина – публикации

**Издава:** Арс Ламина – публикации, Скопје 2025

**Главен уредник:** Бранка Бугариска

**Уредник:** Цветанка Стоилова

**Стручна редакција:** проф. д-р Анастасија Ѓурчинова и проф. д-р Лучиана Гуидо-Шремпф

**Лектура на македонски јазик:** Слаѓан Спасовски

**Лектура на италијански јазик:** м-р Соња Мизерендино

**Дизајн на корица:** Pointer Creative Agency

**Графичко уредување:** Арс Ламина – публикации

**Печати:** Арс Ламина, Скопје

**Тираж:** 300

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.131.1.02:7.034.7]+[821.131.1.02:7.035.2](091)
930.85(450)

ЃОРЃИЕВСКА, Ева
Италијанската литература и култура на барокот, просветителството и неокласицизмот / Ева Ѓорѓиевска, Јована Караникиќ Јосимовска. - Скопје : Арс ламина - публикации, 2025. - 94, [2] стр. : илустр. ; 23 см

Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-280-123-0

1. Караникиќ Јосимовска, Јована [автор]
а) Италијанска книжевност -- Книжевни школи -- Барок -- Просветителство -- Неокласицизам б) Културна историја -- Италија

COBISS.MK-ID 66275845

Д-Р ЕВАЃОРЃИЕВСКА
Д-Р ЈОВАНА КАРАНИКИЌ ЈОСИМОВСКА

# ИТАЛИЈАНСКАТА ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА НА БАРОКОТ, ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И НЕОКЛАСИЦИЗМОТ

# ПРЕДГОВОР

*Il mondo è il libro dove il Senno Eterno scrisse i propri concetti...* – *Светот е книга во која Севишниот ги запишал своите идеи и жив храм во кој, по својот пример, со живи статуи ги украсил и дното и небото* – вака гласи еден од најславните стихови на барокната поезија, и еден од првите репрезентативни текстови на овој период вклучени во делото со наслов **„Италијанската литература и култура на барокот, просветителството и неокласицизмот“** од авторките проф. д-р Ева Ѓорѓиевска и проф. д-р Јована Караникиќ Јосимовска. Воедно, овој стих на Томазо Кампанела ги синтетизира и светогледот и културата на XVII век во Италија – период кој е помалку познат на пошироката публика за разлика од пресвртната епоха на хуманизмот и ренесансата, но не и помалку значаен, имајќи ги предвид сите цивилизациски достигнувања на полето на филозофијата, историјата, книжевноста и уметноста коишто се остварени во Италија во овој период.

Слабата застапеност на податоци за овој период во наставните материјали за основно, средно и високо образование, меѓу другото, се должи и на фактот што во моментов не постои слично дело на македонски јазик кое се занимава со оваа проблематика. Токму овој ракопис ги синтетизира знаењата од италијанската релевантна литература и ги прави подостапни за изучувачите и почитувачите на италијанската култура. Делото опфаќа период од една поголема дијахрониска целина која ја следи етапно историјата на италијанската книжевност од нејзините почетоци, па сè до современата литература. Има за цел да ги предочи спецификите на овој период од италијанската литература и култура, да ги запознае читателите со делата и достигнувањата на најзначајните претставници на барокот, просветителството и неокласицизмот во Италија, имајќи ги предвид придобивките на нивното творештво и истражување врз целокупниот понатамошен развој на науката и културата на глобално ниво: хелиоцентрична наспроти геоцентрична теорија застапувана од Џордано Бруно, воведувањето на емпирискиот метод на Галилео Галилеј (покрај многу други епохални иновации), основањето на филозофијата на историјата од Џамбатиста Вико, иновативните и вешти метафори на Џамбатиста Марино, реформата на театарот на Карло Голдони, општествениот ангажман на поезијата на Џузепе Парини, интроспективните морални драми на Виторио Алфјери, импровизирачката моќ на актерите на *Commedia dell'arte*, вештите поигрувања со традиционалните форми и актуелните теми на Винченцо Монти и многу други новини претставени во теоретскиот дел на ова дело и поткрепено во практичниот дел со извадоци од конкретните дела. Паралелно со книжевните вредности кои ги предочува книгата, за секој

од споменатите периоди е направен преглед на значајни уметнички дела од музиката, скулптурата, архитектурата или сликарството.

**Првото поглавје** на книгата почнува со воведна содржина во која се опфатени општествените и историските околности во XVII век, кога се јавува стилската формација **барок** во уметноста. Освен политичката и економската состојба, како клучни теми кои го поврзуваат историскиот период со културните случувања се издвоени центрите на култура во Италија, состојбата во образованието и јазичната политика на Италија. Во натамошниот тек, делото е структурирано според поделбата што ја прават авторките, на филозофски, научен, литературен и историски барок. Прикажан е и преглед на преостанатите прозни жанрови во барокот: историографијата, политичката проза, херојскиот и херојско-комичниот еп, романот, новелата, како и дијалектното и народно книжевно творештво.

Во **второто поглавје** се најавува просветителството, при што се изнесуваат неговите дефиниции и историско-културниот контекст на пројавување. Тука се сместени претставниците од почетокот на XVIII век, наведени се принципите на книжевната школа наречена *Аркадија* и поетите кои творат во нејзини рамки. Авторките се задржуваат и на реформата на мелодрамата која се случува во тој период преку делото на **Пјетро Метастазио** (Didone Abbandonata). Се инсистира врз разновидноста на книжевните жанрови во тој период, при што подетално се приложени материјали од комедијата на **Карло Голдони** (La locandiera) и поезијата на **Џузепе Парини** (Il Giorno).

**Третото поглавје** се сосредоточува на историските и поетички услови во почетокот на XIX век и најавата на неокласицизмот во литературата. Се разгледуваат особеностите на овој правец во поширок контекст на уметноста и вредностите кои стремат да ги реактуализираат неокласицистите. Книгата завршува со осврт врз делата на автори кои постепено почнуваат да го насетуваат крајот на неокласицизмот и надоаѓањето на романтизмот во литературата.

Ова дело го воведува читателот во еден дијахрониски спектар кој ја отвора историјата на италијанската книжевност кон современата литература, и затоа остава простор за понатамошна разработка на литературните периоди и стилските формации коишто ќе следат.

# Содржина


I. ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА БАРОКОТ 9

1. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ ИСТОРИСКИ НАСТАНИ 11
2. ФИЛОЗОФСКА, ПОЛИТИЧКА И НАУЧНА ПРОЗА 24
3. ЛИТЕРАТУРЕН БАРОК – МАРИНИЗАМ 41
4. ИСТОРИСКИ БАРОК И ДРУГИ ПРОЗНИ ЖАНРОВИ 51
5. ТЕАТАРОТ ВО ИТАЛИЈА ВО XVII ВЕК – Commedia dell'arte 60
6. ИТАЛИЈАНСКАТА УМЕТНОСТ НА БАРОКОТ (сликарство, скулптура, архитектура, музика) 67

II. ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО 73

1. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ ИСТОРИСКИ НАСТАНИ 75
2. ЏАМБАТИСТА ВИКО (Giambattista Vico, 1688 – 1744) 85
3. ПЕРИОД НА АКАДЕМИЈАТА ***АРКАДИЈА*** ***93***
4. ПЈЕТРО МЕТАСТАЗИО (Pietro Metastasio, 1698 – 1782) 96
5. КАРЛО ГОЛДОНИ (Carlo Goldoni, 1707 – 1793) 102
6. ЏУЗЕПЕ ПАРИНИ (Giuseppe Parini, 1729 – 1799) 111
7. ИТАЛИЈАНСКАТА УМЕТНОСТ НА РОКОКО (сликарство, скулптура, архитектура, музика) 116

III. ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА НЕОКЛАСИЦИЗМОТ 123

1. XIX ВЕК – ПЕРИОД НА НЕОКЛАСИЦИЗМОТ 125
2. ВИТОРИО АЛФЈЕРИ (Vittorio Alfieri, 1749 – 1803) 133
3. ИТАЛИЈАНСКАТА УМЕТНОСТ НА НЕОКЛАСИЦИЗМОТ (сликарство, скулптура, архитектура, музика) 137

ПРИЛОЗИ 139

ИЗВОРИ 219

# I. ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА БАРОКОТ